„Секој муслиман што има нешто за тестамент – не треба да поминат три ноќи, а тој да го нема тестаментот напишан кај себе.“

Ибн Омер, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, раскажува дека слушнал како Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, вели: „Секој муслиман што има нешто за тестамент – не треба да поминат три ноќи, а тој да го нема тестаментот напишан кај себе.“ А Ибн Омер, Аллах нека е задоволен со него, рекол: „Откако го слушнав тоа од Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, не помина ниту една ноќ, а да не го имав тестаментот подготвено кај мене.“

[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека не му прилега на муслиман кој поседува нешто за што сака да остави тестамент – било да е право или имот, макар и да е мал – да поминат три ноќи, а тој да го нема тестаментот напишан кај себе. Абдулах бин Омер, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, рекол: „Откако го слушнав тоа од Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, не помина ниту една ноќ, а да не го имав мојот тестамент подготвен кај мене.“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/5831